АСОЦИЈАЦИЈА ЗЕНИТ

Асоцијација за развојни
иницијативи –ЗЕНИТ
Ѓуро Ѓаковиќ 72/2-16
1000 Скопје, Македонија
zenith@zenith.org.mk
www.zenith.org.mk

| Република Македонија ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ | | | |
|---|---|---|---|
| Примено | 15.09.2016 | | |
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 41 | 1472/1 | | |

*14 септември 2016 година*
*Скопје*

**До:** Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија
Одделение за соработка со невладини организации
Бул. Илинден бр. 2,
1000 Скопје

**Предмет:** **Придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2017 година**

Почитувани,

Асоцијацијата за развојни иницијативи Зенит, со седиште на Ѓуро Ѓаковиќ 72/2-16, врз основа на објавениот повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2017 година, ги доставува следните предлози:

1. На веб-сајтот на Владата да се објавуваат дневните редови на седниците на Владата и актите на Владата. Дополнително, да се измени членот 3 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија" со цел да се предвиди објавување во Службен весник на **сите** акти на Владата (освен оние кои содржат лични податоци). Предлогот е заснован на принципите на СИГМА за јавна администрација, конкретно принципот 6 од поглавје 2, како и следните приоритетни цели на Владата во 2017 година:
    - интегрирано, ефикасно и модерно работење на администрацијата и обезбедување на услуги целосно приспособени на потребите на граѓаните и бизнис заедницата;
    - развој и примена на информациските технологии во сите сегменти на живеењето;
2. На веб-сајтот на Владата да се објави составот на секторските работни групи за програмирање на помошта од инструментот за претпристапна помош (ИПА 2), со назнака за секој член од која институција или организација потекнува. Предлогот се заснова на членот 15 од Општата регулатива за спроведување 236/2014[1] што бара

[1]Regulation (EU) No 236/2014of the European Parliament and of the Council.

засегнатите страни во земјите корисници на помошта од ЕУ, вклучувајќи го и граѓанското општество „да имаат навремен пристап до релевантни информации што ќе им овозможи да играат значајна улога“. Предлогот се заснова и на следната приоритетна цел на Владата во 2017 година:

- развој и примена на информациските технологии во сите сегменти на живеењето;

3. Владата да предвиди измена на составот на секторските работни групи за програмирање на помошта од инструментот за претпристапна помош (ИПА 2), со цел вклучување на претставници на здруженија и фондации во составот на сите групи, преку транспарентна и објективна постапка и критериуми. Предлогот се заснова на член 5 (точка 6) од ИПА 2 регулативата[2] која повикува на партнерство со организациите на граѓанското општество во подготовката, спроведувањето и мониторингот на помошта, и координација меѓу релевантните засегнати страни. Општата регулативата за спроведување[3] потенцира дека е „важно соодветно да се консултираат граѓанските организации за да се осигура дека имаат значајна улога“ меѓу другото и во подготовка на помошта. Предлогот се заснова и на следните приоритетни цели на Владата во 2017 година:

   - зголемување на учеството на граѓанскиот сектор и социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политиките;
   - квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската унија преку исполнување на обврските од Спогодбата за асоцијација и стабилизација и другите правни акти кои ги регулираат билатералните односи со Европската унија;
   - натамошен развој на европските демократски вредности во процесот на пристапување.

Асоцијацијата Зенит се согласува овој предлог да биде објавен на веб локацијата на Одделението за соработака со невладини организации: http://www.nvosorabotka.gov.mk.

Со почит,

Александар Николов

Извршен директор

[2]Regulation(EU) No231/2014 of the European Parliament and of the Council.
[3]Regulation (EU) No 236/2014 of the European Parliament and of the Council.